# Посмртните ритуали и есхатолошките претстави кај Старите Грци и во македонската народна традиција*

**Лидија Ковачева**

lkovaceva@gmail.com

*Клучни зборови: рај, пекол, погребни ритуали, есхатолошки претстави.*

Овој труд кој е составен од три основни дела во чиј центар на случувањето се наоѓа смртта, има за цел да го прикаже паралелизмот во толкувањата на претставите за рајот и пеколот, погребните ритуали и есхатолошките претстави меѓу Старите Грци и во македонската народна традиција.

Основната интенција во првиот дел е паралелното толкување на претставите за рајот и пеколот меѓу обете традиции, како дулаизам на два спротивни простора, носители на онтолошки карактеристики на доброто, како причина за појава на рајот и награда со вечен живот на праведните и злото, како причина за појава на пеколот во кој заминуваат грешните, поради сторените гревови за време на земскиот живот.

Преземањето на сложена магиско-обредна активност на заедницата со намера на што поскоро отстранување на деструктивните причинители е идејата водилка низ вториот дел од трудот. При анализа на начинот на изведување на погребните ритуали меѓу обете традиции, се забележува голема сличност при нивната изведба. Во обете традиции погребот е сочинет од три дела: *prothesis,* бдеење врз телото на покојникот, *ekphora,* изнесување на телото на покојникот надвор од домот и *копање на гробот* и ставање на покојникот во гробот.

Во третиот дел се истражуваат есхатолошките претстави коишто ја откриваат општочовечката димензија на односот на човекот кон смртта. При процесот на компарирање се забележува дека, наспроти богатите есхатолошки претстави кај Старите Грци, верувањата за душата во македонската народна традиција се недоволно истражени и оформени под влијание на христијанското учење.

Погребните ритуали и есхатолошките претстави кај Старите Грци и во македонската народна традиција се јавуваат како резултат на синкретизмот од религиите на Балканот, уште од најдалечното минато. И денес се присутни на овие простори, некаде видоизменети како резултат на современите сфаќања, а во некои рурални средини се скоро идентични како и во времето кога се појавиле.

* Магистерски труд одбранет во 2008 г. на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје. Објавен е под истиот наслов во 2009, во издание на *Центар за духовно и културно наследство & Каламус* од Скопје.